РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 19-4720/16
20.12 2023 год.
КАВАДАРЦИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ПЛАН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД КОРУПЦИЈА

**Кавадарци, Декември 2023**

# ПЛАН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД КОРУПЦИЈА

**Кавадарци, Декември 2023**

**Општина Кавадарци**

**План за превенција од корупција**

**Подготвено од:**

**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа**

**и јавните претпријатија – Велес**

**Декември 2023 година**

## СОДРЖИНА

Вовед-----------------------------------------------------------------------------------------------------------4

1. Дефинирање на корупцијата и клучните поими....................................................................5

2. Надлежности и организациона структура на Општина Кавадарци----------------------------7

3. Правни аспекти во борба против корупција-----------------------------------------------------12

4. Политика на интегритет на Општина Кавадарци------------------------------------------------13

4.1. Базични столбови на политиката на интегритет на Општина Кавадарци-----------------18

5. Цели на Планот за превенција од корупција ---------------------------------------------------20

6. Идентификувани области подложни на корупција во рамките на делокругот на работење на општината---------------------------------------------------------------------------------21

Акциски план ------------------------------------------------------------------------------------------24

## ВОВЕД

Општина Кавадарци своето работење го заснова на начелата на законитост, ефикасност, ефективност, сервисна ориентација и при тоа става акцент на јакнење на интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност, односно нејзин приоритет е јавниот интерес и превземање на мерки и активности за негова заштита.

Планот за превенција од корупција е алатка за подобрување на капацитетите на локалната самоуправа во спречувањето на корупцијата, односно заштита на јавниот интерес и истиот е резултат на надворешна анализа на севкупните капацитети на општината за превенција од корупција.

Како дел од механизамот за борба против корупцијата, Планот за превенција од корупција ќе овозможи рана детекција и идентификација на ризиците од корупција во локалната самоуправа, нивна анализа и препораки и мерки за нивно спречување.

Планот за превенција од корупција на Општина Кавадарци ќе делува превентивно и ќе овозможи намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори.

Планот за превенција од корупција е креиран врз основа на спроведена суштинска анализа на нормативната и институционалната поставеност на Општина Кавадарци и на ризиците за појава од коруптивно однесување.

Овој План за превенција од корупција е изготвен по спроведени работни состаноци со општинската администрација, интензивна комуникација и достава на потребни акти од локалната самоуправа, како и врз основа на анализа на податоци кои се ставени на електронската страница на Општина Кавадарци.

## 1. Дефинирање на корупцијата и клучните поими

Корупцијата е општествено опасно и незаконско однесување кое го поткопува и дезинтегрира општествениот систем, ги уништува основните општествени вредности, ги злоупотребува институционалните капацитети во сите сфери на општеството во корист на нелегитимни и незаконски парцијални интереси и цели.

Борбата против корупцијата мора да има стратешки приоритет за да се обезбеди долгорочен одржлив општествен развој и отпор кон корупцијата и сите нејзини манифестации, што ќе значи нејзино спуштање на најниско можно ниво. Дополнително, неселективноста во откривањето и санкционирањето во пракса директно придонесува за постигнување на целта.

Тоа значи дека борбата против корупцијата треба да биде континуирана, насочена кон елиминирање на причините кои ја генерираат нејзината појава, кон брзо откривање на нејзините манифестации, поефективно дејствување на институциите за нејзино санкционирање, со цел заштита на виталните вредности на општеството, како што се демократија, човекови слободи и права, владеење на правото.

Политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, независните институции, ефективно спроведување на законите, како и институционалниот и личниот капацитет и интегритет се подеднакво важни за успешна борба против корупцијата.

Корупцијата ја поткопува демократијата, го уништува владеењето на правото и ја нарушува довербата на граѓаните во институциите на системот. Корупцијата го кочи општествениот и економскиот развој, ги обесхрабрува инвеститорите, го загрозува пазарот и во исто време претставува значителна закана за безбедноста и стабилноста.

Подемот на корупцијата значи пад на интегритетот. Интегритетот е од суштинско значење за модерното владеење. Не само што дава основа за ефективно спроведување на принципите на добро владеење, туку ги уверува граѓаните дека институциите работат во нивна полза. Градењето силна и ефикасна рамка за интегритет е една од најважните работи со цел да се зајакне и одржи ефикасноста на јавните институции, а со тоа и нивната одржливост. Нивното ефективно управување им помага на граѓаните да ги разберат и да бидат подготвени за ризиците од корупција пред тие да се појават.

Општо земено, интегритет значи „отпор на корупција“, додека системот за интегритет би се дефинирал како збир од сите политики, системи и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување каде што водечките принципи во однесувањето на неговите членови се: етика, професионалност и независност.

За клучните термини употребени во овој План за превенција од корупција во законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на Република Македонија бр.12/19) се содржани следните дефиниции:

***Под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.***

***Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.***

***Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.***

Покрај тоа, во законот за заштита на укажувачи (Службен весник на Република Македонија бр.196/15, 35/18, 257/20) се содржани дефиниции за заштитено пријавување и кој може да се јави во својство на укажувач, односно:

***Заштитено пријавување е пријавување односно откривање со кое се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.***

***Категории на лица кои можат да се јават во својство на укажувачи се:***

- *лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во институцијата, односно правното лице за каде пријавува;*
- *кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во институцијата односно правното лице за каде пријавува;*
- *лице кое е или било волонтер или практикант во институцијата, односно правното лице за каде пријавува;*
- *лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од институцијата, односно правното лице за каде пријавува;*
- *лице кои по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со институцијата, односно правното лице за каде пријавува;*
- *лице кое користи или користело услуги во институцијата, односно правното лице во јавниот и приватниот сектор за каде пријавува.*

## 2. Надлежности и организациона структура на Општина Кавадарци

Општина е единица на локална самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон.

Општина Кавадарци е правно лице, основано според законот за локална самоуправа, со седиште на Плоштад „Маршал Тито“ бб, Кавадарци.

### Визија

Општина Кавадарци да биде општина со висок квалитет на живот за своите граѓани, со стабилна и напредувачка економија, современа инфраструктура, богата културно-спортска понуда, високо квалитетни здравствени услуги, и среќни и безбедни граѓани.

### Мисија

Администрацијата на Општина Кавадарци да обезбедува високо квалитетни, навремени, ефикасни и ефективни усуги на сите свои граѓани во рамките на законските надлежности преку транспарентно и отчетно работење.

Политиката за квалитет е составен дел од Политиката на Градоначалникот и општинската администрација и ги дефинира следните принципи:

- Почитување на законот и негово исполнување за потребите на граѓаните
- Потребите на граѓаните се основен дел врз кои се базира градењето на процесите, процедурите и системите во кои се вршат услуги.
- Услугите се квалитетни, ефикасни и достапни преку користење на современи начини за брза комуникација и квалитет.
- Вработените се одговорни, професионални, љубезни и услужливи без разлика на надворешни и внатрешни околности.
- Соработката со други институции, установи и организации е дел од професионалноста на општинската администрација.
- Општинаската администрација работи со цел за тоа како да се постигне визијата на општината преку планирање, превентива, подобрување и иновација на своите услуги и законски обврски
- Важна определба на општинската администрација е да изгради трајни партнерски

односи со сите заинтересирани страни

– Одржлив локален еконсмски развој на Општина Кавадарци преку принципите прифатени на глобално ниво

– Мотивација на вработените преку спроведување на оваа политика и преиспитување на и од страна на раководството на системот за квалитет со цел долгорошно и успешно реализирање на задачите на општинската администрација.

**Стратешки цели**

Општите цели и стратешките приоритети на единиците на локалната самоуправа се фокусирани на неколку сегменти преку кои се настојува постигнување на одржлив економски развој, подобрување на квалитетот на живеење преку образование, здравствена и социјална заштита, култура и спорт, подобрување на инфраструктура и заштита на животна средина, привлекување на инвестиции, зголемување на вработувањето, како и подобрување на квалитетот на услугите на јавната администрација.

Правците во кои се движи локалниот економски развој на Општина Кавадарци се засновани на развој на локална економија, ставајќи го во функција целокупниот економскиот потенцијал на општината.

Генералните цели на локалната стратегија за економски развој во сегментот на претприемништвото и развој се:

- Подобрување на условите за развој на земјоделската дејност и преработки;
- Континуирано подобрување на условите за започнување на бизнис и привлекување на домашни и странски инвеститори на територија на Општината;
- Подобрување на комуналната и социјалната инфраструктура;
- Промовирање на развој на селективни форми на туризам.

**Надлежности**

Општината е надлежна за вршење на следните работи (согласно член 22 од законот за локална самоуправа „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02):

1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење објекти од локално значење утврдени со Законот, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;

3. Локален економски развој- планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење економска локална политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции, агенции и промовирање на партнерство;
4. Комунални дејности - снабдување со вода за пиење; испорака на технолошката вода; одведување и пречистување на отпадните води; јавно осветлување; одведување и третман на атмосферските води; одржување на јавната чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници; снабдување со природен гас и топлинска енергија; одржување на гробовите, гробиштата, крематориумите и давање погребални услуги; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на јавниот простор за паркирање; отстранување на непрописно паркирани возила; отстранување на хаварисани возила од јавните површини; изградба и одржување на пазарите; чистење на оџаците; одржување и користење на парковите и зеленилото; парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
5. Култура - институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и сл. културни вредности; организирање културни манифестации; поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
6. Спорт и рекреација - развој на масовниот спорт и рекреативните активности; организирање спортски приредби и манифестации; одржување и изградба на објекти за спорт; поддршка на спортските сојузи;
7. Социјална заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување социјална грижа за инвалидните лица; деца без родители и родителска грижа; деца со воспитно-социјални проблеми; деца со посебни потреби; деца од еднородителски семејства; деца на улица; лица изложени на социјален ризик; лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување право и восипитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;
8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со законот; организирање превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

9. Здравствена заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со социјални потреби (на ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;
10. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
12. Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност и
13. Други работи определени со закон.

### Структура на Општина Кавадарци

Сектори и одделенија во рамките на Општина Кавадарци:

- Сектор за правно-нормативни и општи работи
  - Одделение за правни и општи работи,
  - Одделение за работи на Градоначалникот и односи со јавноста
  - Одделение за организација на Советот на општината
- Сектор за финансиски прашања
  - Одделение за буџетска координација
  - Одделение за буџетска контрола
  - Одделение за сметководство и плаќање
  - Одделение за администрирање на даноци и такси
- Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
  - Одделение за урбанизам
  - Одделение за комунални дејности
  - Одделение за заштита на животната средина
- Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште
  - Одделение за уредување на градежно земјиште
  - Одделение за располагање со градежно земјиште
- Сектор за локален економски развој
  - Одделение за подготовка на стратешки и плански документи и подготовка на проектна документација
  - Одделение за поддршка на Бизнис секторот
  - Одделение за информатичко комуникациска технологија

- Сектор за јавни набавки
  - Одделение за администрирање на постапки за јавни набавки
  - Одделение за планирање и спроведување на јавни набавки
- Сектор за управување со човечки ресурси
  - Одделение за управување со човечки ресурси
  - Одделение за обуки и оценување
- Сектор за јавни дејности и култура
  - Одделение за култура и јавни настани
  - Одделение за услуги со граѓаните
- Сектор за образование и спорт
  - Одделение за образование и спорт
  - Одделение за предучилишна, социјална и детска заштита
- Сектор за техничко логистичка поддршка и мониторинг
  - Одделение за „Мој општинар“
  - Одделение за техничко логистичка поддршка

  како и

  - Одделение за инспекциски надзор
  - Одделение за внатрешна ревизија
  - Територијална против пожарна единица

## 3. Правни аспекти во борба против корупција

Планот за превенција од корупција на Општина Кавадарци е изготвен согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл.весник на РМ бр.12/2019), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, Планот за борба против корупција „Акција 21“ (2021), Методологијата за процена на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија и Насоките за проценка на ризик од институционална корупција во Република Македонија.

Општина Кавадарци антикорупциската политика ја базира на следниве законски и подзаконски акти:

- Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл.весник на РМ бр.12/2019),
- Закон за лобирање (Сл. весник на Р.М бр. 106/2008 и 135/11, 122/21);
- Законот за заштита на укажувачи (Сл.весник на РМ бр.196/15, 35/18, 257/20);
- Кривичен законик на Република Македонија
- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (Сл.весник на РМ бр.90/2009, 12/2011, 188/2013 и 192/2015);
- Закон за вработени во јавен сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Сл. весник на РСМ бр. 143/19 и 14/20)
- Закон за административни службеници (Сл. весник на Р.М бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19 и 14/20);
- Кодекс за административни службеници (Службен весник на РМ, бр. 183/2014);
- Етички кодекс на локалните функционери во Република Македонија,
- Политика на интегритет на Општина Кавадарци.

Планот за превенција од корупција на Општина Кавадарци е документ во кој се детектираат слабостите во постојниот систем на работа во Општина Кавадарци во борбата против корупцијата, се утврдуваат стратегиските цели што треба да се постигнат со имплементацијата на планот, се предвидуваат мерки и активности за остварување на целите, се посочуваат клучните носители на активностите и се уредува начинот на кој ќе се постигнат утврдените цели.

## 4. Политика на интегритет на општина Кавадарци

Поаѓајќи од заложбите за владеење на правото, обезбедување на одржлив економски и општествен развој, поттикнување на јавната доверба во локалните власти, целосно и непречено остварување на правата и слободите на граѓаните како и поттикнување на нивното учество во носењето одлуки на локално ниво, Општина Кавадарци има донесено Политика на интегритет која ги опфаќа следните компоненти:

### I Цел и опфат на Политиката на интегритет

Целта на политиката на интегритет е да се промовира интегритет на политичко и на административно ниво, како основа за поттикнување на етичко однесување, отпорност кон корупција, создавање на услови за општествен развој, учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси и поголема доверба на граѓаните во Општина Кавадарци.

Политиката на интегритет ги опфаќа органите на единицата на локалната самоуправа (членките и членовите на Советот и Градоначалникот, како и сите вработени во општинската администрација).

Во Општина Кавадарци не се толерира коруптивно однесување!

Корупцијата претставува сериозна закана за владеењето на правото, демократијата, човековите права и слободи, еднаквоста и социјалната правда, која го поткопува развојот и ја загрозува стабилноста на демократските институции, како и моралните основи на општеството.

Во Општина Кавадарци не се толерира која било друга форма на неетичко, казниво или друго незаконито однесување.

Единицата на локалната самоуправа се стреми кон развој на силна организациска структура и кохерентен систем за управување со интегритет.

Притоа, под поимот „интегритет" се подразбира законито, професионално, независно, непристрасно, етичко, одговорно, транспарентно и отчетно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на единицата на локалната самоуправа, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции на локално ниво.

Под поимот „корупција" се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

**II Компоненти на Политиката на интегритет**

1. Јавен интерес и спречување на корупцијата и судирот на интереси
2. Професионално и етичко работење
3. Заштитено пријавување
4. Управување со човечки ресурси
5. Ефикасно економично и ефективно работење
6. Транспарентност, отчетност и партиципативност
7. Управување со квалитет
8. Еднакви можности на жените и мажите

**Јавен интерес и спречување на корупцијата и судирот на интереси**

Во извршувањето на своите овластувања и должности, градоначалникот, членовите на Советот и сите вработени во општинската администрација ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост и јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било и со целосно почитување на јавниот интерес.

Притоа, внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смеат да се раководат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Каков било фактички, потенцијален или видлив, судир на интерес задолжително се пријавува кај лицето за интегритет, согласно насоките за спречување на судир на интереси.

Службените лица не примаат подароци, привилегии или погодности. Исклучоците од оваа забрана се утврдени со закон. Подароците, без разлика дали се примени или одбиени, а кои не било можно да се вратат, како и без разлика на нивната вредност, задолжително се евидентираат, а копија од листата од евиденцијата за примените подароци се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.

**Професионално и етичко работење**

Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Вработените во општинската администрација се придржуваат до Кодексот за административни службеници.

Градоначалникот и членките и членовите на Советот задолжително се придржуваат до највисоките етички стандарди, во согласност со закон и Етичкиот кодекс на локалните функционери, со цел заштита на јавниот интерес, чест и углед на јавната функција.

Етичките стандарди се применуваат во односите со колешките и колегите, со претпоставените и со странките, на работното место, но и во приватниот живот и во односите со јавноста.

**Заштитено пријавување**

Укажувачите се колешки, колеги, граѓанки и граѓани за пример кои имаат исклучително важна улога за заштита на јавниот интерес, интегритетот и угледот на ЕЛС.

Единицата на локалната самоуправа обезбедува услови за заштитено внатрешно пријавување на разумни сомневања и сознанија дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Општина Кавадарци ги охрабрува сите вработени, кандидатки и кандидати за вработување, волонтерки и волонтери, лица кои биле ангажирани за некоја работа, лица кои се или биле во деловен или друг однос со институцијата, како и лица кои користат или користеле услуги во институцијата, своите сознанија или сомнежи за казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување во Единицата на локалната самоуправа да ги пријават кај овластеното лице за прием на пријави од укажувачи.

Единицата на локалната самоуправа постапува по пријавите согласно Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Служен весник на Република Македонија бр.46/16). Притоа, општинската администрација е должна да ги информира потенцијалните укажувачи за процедурата за заштитено пријавување, законските одредби за заштита на укажувачи и за можноста за вршење заштитено пријавување до Државната комисија за спречување на корупцијата, Министерството за внатрешни работи, надлежното јавно обвинителство или Народниот правобранител.

Градоначалникот и раководните структури преземаат мерки со кои се гарантираат доверливоста и заштитата на укажувачите.

**Управување со човечки ресурси**

Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси во единицата на локалната самоуправа. Позитивните примери на личен и професионален интегритет постојано се промовираат и наградуваат.

Раководните лица применуваат етичко лидерство, а идентификувањето и адресирањето на ризиците е дел од нивните работни задачи. Единицата на локалната

самоуправа промовира отворена организациска култура каде слободно се дискутира за проблеми, етички дилеми, недостатоци и се обезбедуваат совети и насоки за нивно разрешување.

### Ефикасно, економично и ефективно работење

Општина Кавадарци се стреми кон рационално искористување на локалните ресурси, грижа за имотот и ресурсите и заштита и унапредување на животната средина. Буџетот на единицата на локалната самоуправа се носи и спроведува преку транспарентен и партиципативен процес во сите фази од буџетскиот циклус, со примена на буџетирање засновано на приоритети и родово одговорно буџетирање.

Општина Кавадарци спроведува систем на јавни набавки со кој се подигнува квалитетот и обемот на услугите кои ги испорачува до граѓаните, како и довербата на бизнис заедницата кон единицата на локалната самоуправа и нејзината администрација, во согласност со позитивните законски прописи.

### Транспарентност, отчетност и партиципативност

Општина Кавадарци се залага за транспарентно работење и редовно и навремено ја информира јавноста за својата работа преку својата интернет страница, општинскиот весник, прес конференции, соопштенија и други алатки.

Општина Кавадарци обезбедува брз и лесен пристап до информациите од јавен карактер. Расположливите информации проактивно се објавуваат на интернет страницата и редовно се ажурираат, во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Одлуките се носат преку отворени и инклузивни процеси на консултација на засегнатите страни и подлежат на механизмите на надзор и контрола.

При промовирање на културата на интегритет, Единицата на локалната самоуправа соработува со граѓанските организации, бизнис заедницата и другите засегнати страни.

### Управување со квалитет

Подобрување на услугите што им се нудат на граѓаните е врвен приоритет. Единицата на локалната самоуправа воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на квалитетот на локалните услуги се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на јавната администрација, согласно меѓународниот стандард ИСО 9001, Заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во јавниот сектор.

**Еднакви можности на жените и мажите**

Општина Кавадарци се стреми кон унапредување на родовата рамноправност во Советот и во општинската администрација и ја препознава важноста од доследно спроведување на обврските и одговорностите од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Политиките кои ги спроведува единицата на локалната самоуправа се родово сензитивни и настојуваат да обезбедат подеднаква видливост, еманципирање, одговорност и учество и на жените и на мажите во сите сфери од општествениот живот. Единицата на локалната самоуправа не толерира никаква директна и индиректна дискриминација врз основа на пол, ниту било каков облик на вербално, невербално или физичко сексуално или друг друг вид на вознемирување.

## IV Спроведување, следење и известување

**Управување со ризици од корупција**

Општина Кавадарци воспоставува ефикасен систем на внатрешни контроли и ревизија согласно со принципите на јавната внатрешна финансиска контрола. Управувањето со ризиците од корупција е важен дел од системското управување со ризици во рамките на тој систем.

Градоначалникот и раководните структури на единицата на локалната самоуправа се одговорни за процена и отстранување на ризиците кои придонесуваат за појава на корупција, проневера, измама, судир на интереси, користење влијанија и врски заради добивање повластен третман или било која друга форма на незаконско или неетичко однесување.

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија го советува градоначалникот и сите раководни лица во единицата на локалната самоуправа за управувањето со ризик.

**Спроведување на Политиката на интегритет**

Грижата за спроведување на Политиката на интегритет во Општина Кавадарци е индивидуална и колективна.

Градоначалникот и раководните структури се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на членовите во Советот и општинската администрација.

Градоначалникот, членовите на Советот и сите вработени во општинската администрација се должни да го пријават секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за кои дознало во вршењето на својата должност, како и наводи или сомнежи за незаконско однесување или повреди на кодексот. Исто така, тие се должни да пријават и доколку од нив се побара да постапат спротивно на Уставот, закон, кодекс или друг пропис.

За повреди на стандардите за интегритет се поведуваат дисциплински, прекршочни или кривични постапки за утврдување одговорност во согласност со закон.

**Следење и известување**

Општина Кавадарци редовно и навремено ја информира јавноста за случаите на повреда на етиката и интегритетот, преземените мерки и резултати, следејќи ги принципите на фер и соодветно постапување и заштита на приватноста и доверливоста.

Градоначалникот определува лице за интегритет кое дава совети и насоки во областа на етиката и интегритетот.

Општина Кавадарци соработува со Државната комисија за спречување на корупцијата и други институции вклучени во превенција и борба против корупцијата.

### 4.1. Базични столбови на политиката на интегритет на Општина Кавадарци

Планот за превенција од корупција на Општина Кавадарци во фокусот го става преземањето на мерки и активности преку кои ќе изгради „нулта присутност“ на корупцијата во рамките на структурата на Општината преку реализацијата на надлежностите утврдени за закон и подзаконски акти.

Превентивните аспекти на антикорупциската политика на Општината во преден план го ставаат спречувањето и институционалното (преку надлежни институции) сузбивање на корупцијата. Креирањето на ефективни работни процеси преку систем на надзор и одговорност создаваат можност за минимизирање на коруптивните практики.

Во столбовите на антикорупциската политика се вбројува *спречувањето на судирот на интереси*, односно отстранување на опасноста приватниот интерес да доминира над јавниот интерес во извршувањето на работните обврски. За надминувањње на ваквите опасности треба да се практикува институтот изземање, со тоа што пристапот треба да биде поширок односно да се има во предвид и потенцијалниот судир на интереси.

*Заштитата на укажувачите*, согласно со измените и дополнувањата на Законот за заштита на укажувачите, е механизам на навремено откривање на неправилности, преку системот на заштитено внатрешно пријавување кај овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во општината. Нивната заштита мора да биде целосна бидејќи нивниот придонес во заштитата на јавниот интерес и борбата против корупцијата е суштински.

Законското *лобирање*, регулирано со новиот Закон за лобирање кој стапи во сила во јуни 2022, на локално ниво е начин да се спречи трговијата за незаконско влијание во креирањето и реализацијата на локалните политики. Преку контролните механизми вградени во законот се овозможува заштита на јавниот интерес и спречување на коруптивни дејствија.

Еден од столбовите на антикорупциската политика е јакнењето на *институционалниот и личниот интегритет*. Отпорноста кон ризиците од корупција и други штетни дејствија е клучот во спроведувањето на целата политика бидејќи вработениот/индивидуата со интегритет ја спречува корупцијата и сите дејствија се реализираат согласно претходно воспоставени процедури.

*Транспарентноста* е еден од клучните антикорупциски столбови. Проактивното објавување на информации, ажурирањето на електронската страна, пристапот до информации од јавен карактер, како и, одговарањето по барањата за слободен пристап во законскиот рок одат во прилог на јакнењето на транспарентноста.

## 5. Цели на Планот за превенција од корупција

Планот за превенција од корупција на Општина Кавадарци, со цел минимизирање на потенцијалните ризици на корупција и спречување на институционалнта корупција, ги дефинира следните цели:

- Зголемување на свеста за корупција кај вработените во Општина Кавадарци;
- Јакнење на интегритетот на вработените во Општина Кавадарци и на институцијата во целина;
- Зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните, како и подобрување во работењето;
- Еднаков третман кон сите граѓани кои добиваат и бараат услуга од општинската администрација;
- Дигитализација во постапките за остварување на правата на граѓаните;
- Брза детекција и идентификација на ризиците на корупција и превземање мерки за нивно искоренување;
- Воспоставување на механизми во рамките на општината со цел спречување на злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист.

Погоре наведените цели ги содржат суштинските антикорупциски елементи со цел градење на институции отпорни на влијанија и коруптивни поведенија и при тоа како базичен чекор за подобрување на состојбите и јакнење на интегритетот на секој вработен во Општина Кавадарци.

Станува збор за посебни цели кои се испреплетени помеѓу себе, односно комбинација од проценка на ризици, ефективни контролни механизми, забрани за одредени поведенија, обелоденување или транспарентност во реализација на процесите, јакнење на капацитетите на вработените, како и дигитализација на процесите. Сето ова е одлична комбинација за намалување на ризиците од корупција, а особено треба да се потенцира транспарентоста во реализацијата на процесите бидејќи „корупцијата се крие во темнината, а транспарентноста е најефикасна алатка за нејзино превенирање“.

## 6. Идентификувани области подложни на корупција во рамките на делокругот на работење на општината

Врз основа на проценка на факторите кои влијаат во работењето на Општина Кавадарци со Планот за превенција од корупција се утврдени четири приоритетни области каде најчесто постои ризик на корупција:

### Индивидуален и институционален интегритет

Јакнењето на интегритетот на избраните и именуваните лица и на вработените во општината, на лично и институционално ниво, со цел градење на култура на нетолерантност кон корупцијата, преку обуки, спроведување на политики и контролни механизми со цел јакнење на довербата кон институцијата како и доследно почитување и стремење кон целосно остварување на мисијата и визијата на Општина Кавадарци има суштинско значење во превенцијата од корупција.

За постигнување на резултати во оваа област потребно е континуирано да се работи на создавање нулта толеранција на корупцијата, креирање на поефективни постапки на дејствување и професионалност во остварувањето на правата на граѓаните.

Покрај тоа, јакнењето на интегритетот ја наметнува потребата од донесување на низа интерни акти за постапување, со цел детално регулирање на процесите и намалување на можноста за нерегулирани односи и празнини.

Спроведувањето на тематски обуки се надоврзува на горното, со цел јакнење на капацитетите на вработените преку стекнување на нови знаења и нивна имплементација што ќе има влијание кон тоа вработените да се придржуваат кон утврдените вредности и кон извршување на работните задачи на чесен, професионален и транспарентен начин.

### Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи

Втората област во која е потребно преземање на активности за подобрување на состојбата е заштитата на укажувачите. Имено, укажувачите имаат посебна и значајна улога во борбата против корупцијата бидејки злоупотребите во институциите понекогаш се откриваат само преку обелоденување на информации.

Согласно македонскиот закон за заштита на укажувачите под овој термин се вбројуваат неколку категории на лица но за сите е заедничко што се во контакт со институцијата, односно со остварувањето на нејзините процеси.

За јакнење на превенцијата од корупција во Општина Кавадарци потребно е јакнење на позицијата на овластеното лице за прием на пријави согласно со законот, донесување на

прописи од интерен карактер со кои  детално ќе се опфатат сите процеси, како и суштинско запознавање на вработените за положбата на укажувачот, а особено механизмите за негова заштита.

## Јавни набавки

Поаѓајки од фактот дека најголемиот дел од буџетските средства на општината се ефектуираат преку јавни набавки сосема е разбирливо зошто оваа тема е посебна област во Планот за превенција од корупција.

Општината треба континуирано да работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со финансиските ресурси. Посебно внимание треба да се посвети на анализирање на недореченостите и слабостите во процесот на јавни набавки. Спречувањето на корупција во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финансиските ресурси на општината.

Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа во областа на јавните набавки потребно е постојано да се работи на воведување и имплементација на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата.

Имплементацијата на политиките ја наметнува потреба за периодична анализа на состојбите, подобрување на процесите, обучување на вработените, и се разбира јакнење на транспарентноста бидејки со високиот степен на транспарентност на процеот на јавни набавки се елиминираат сите можности за коруптивно однесување.

## Спречување на состојби на судир на интереси

Судирот на интереси означува спротивставеност помеѓу јавниот интерес, за чија реализација одредено лице е именувано/вработено и неговиот приватен интерес. Доминацијата на приватниот интерес над јавниот означува користење на позицијата, државните ресурси или овластувања за лични потреби и интереси, односно анулирање на смислата поради која одредена работна позиција е креирана.

Поаѓајки од фактот дека живееме во релативно мала средина каде меѓусебната комуникација и контактите се неизбежни потребно е јакнење на свеста за судирот на интереси бидејки судирот на интереси е потенцијален ризик што доколку соодветно не се управува често претставува вистински влез во корупција.

Во рамките на Планот за превенција од корупција се предвидени активности со кои се настојува создавање на правни механизми за спречување на судир на интереси или кумулација на функции.

Општина Кавадарци ја има исполнето законската обврска за изготвување на внатрешен акт за лобирање и негово доставување до Државната Комисија за спречување на корупцијата поради негово објавување во Регистарот, сепак материјата за лобирање, особено постапката, потребно е да биде подобро презентирана кај вработените. Потребни се обуки за вработените како за лобирањето така и за превенирање на состојби на судир на интереси, вклучувајки го и потенцијалниот судир на интереси.

## АКЦИСКИ ПЛАН

Градоначалникот е надлежен да ја следи реализацијата на Планот за превенција од корупција и активностите утврдени во истиот.

Секторот за правно-нормативни и општи работи, Секторот за финансиски прашања, Секторот за јавни набавки, Секторот за управување со човечки ресурси, Секторот за локален економски развој, Одделението за внатрешна ревизија и лицето за интегритет директно ќе го следат спроведувањето на Планот за превенција од корупција и активностите утврдени во истиот.

**Градоначалник,**

**Д-р Митко Јанчев**

| Област 1: Индивидуален и институционален интегритет | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Носител** | **Рок на реализација** |
| Јакнење на личниот и професионалниот интегритет на избраните и именуваните лица | Донесување на Етичкиот кодекс за избрани и именувани лица и потпишување на Изјава за негово прифаќање од страна на избраните и именуваните лица | Раководство,<br>Сектор за правно - нормативни и општи работи | Прв квартал на 2024 |
| Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на професионалните, етичките и институционалните правила на работење | Раководители на организациони единици | Континуирано |
| Воспоставување на механизми за објективно реализирање на дискреционите овластувања | Донесување на интерен акт за дискрециони овластувања | Сектор за правно - нормативни и општи работи | Прв квартал на 2024 |
| Професионален развој на вработените и развој на култура на континуирано учење | Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивен професионален развој и надградба | Раководители на организациони единици<br>Сектор за управување со човечки ресурси | Континуирано |
| Унапредување на политиката за управување со квалитет | Имплементирање на инструментот за управување со | Раководство<br>Вработени | До крај на 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | квалитет – Заедничка рамка за процена ЦАФ<br><br>Назначување на координатор и тим за следење на имплементацијата на мерките за подобрување на квалитетот согласно ЦАФ | Раководство | По имплементирање на инструментот за управување со квалитет – Заедничка рамка за процена ЦАФ |
| Јакнење на интегритетот и спречување на влијанија преку подароци | Изработка на интерен акт за постапување со подароци, погодности и гостопримство<br><br>Назначување на одговорно лице за подароци<br><br>Воспоставување на Каталог на подароци | Сектор за правно - нормативни и општи работи<br><br>Раководство | Прв квартал на 2024<br><br>По изработка на интерен акт за постапување со подароци, погодности и гостопримство |
| Унапредување на интегритетот при реализација на службени патувања во рамки на државата или во странство | Донесување на интерен акт за реализација на службени патувања во рамки на државата и трошоци кои се признаваат како службени<br><br>Донесување на интерен акт за реализација на службени патувања во странство и трошоци кои се признаваат како службени | Сектор за правно - нормативни и општи работи<br><br>Сектор за финансиски прашања | Прв квартал на 2024 |
| Подигање на свеста за значењето на интегритетот | Потпишување на Изјава за нулта толеранција кон корупцијата од избраните и | Сектор за правно - нормативни и општи работи | Прв квартал 2024 (по донесување на Етичкиот кодекс за избрани и именувани лица) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | именуваните лица и од вработените<br><br>Спроведување на обуки за интегритет<br><br>Креирање на посебен дел на електронската страна наменет за „Превенција од корупција“ | Сектор за управување со човечки ресурси<br><br>Сектор за локален економски развој | Континуирано<br><br>Прв квартал 2024 |
| | | | |
| **Област 2: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи** | | | |
| Мерка | Активност | Носител | Рок на реализација |
| Регулирање на внатрешното пријавување со интерен акт | Донесување на интерен акт за заштитено внатрешно пријавување | Сектор за правно - нормативни и општи работи | Прв квартал 2024 |
| Јакнење на позицијата на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | Подобрување на условите согласно законот за заштита на укажувачите (заштитено внатрешно пријавување) | Раководство<br><br>Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано |
| Соодветна примена на законот за заштита на укажувачите, подзаконските акти – Правилници и интерниот акт | Постапување по пријавите во законскиот рок и известување на укажувачот (доколку е познат) | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано |
| Подигнување на свеста на вработените во локалната самоуправа за целта на укажувањето, на | Спроведување на обука за заштитено пријавување | Овластено лице за заштитено внатрешно пријавување, | Две обуки во текот на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одредбите од законот, подзаконските акти и интерниот акт | | Сектор за управување со човечки ресурси | |
| | | | |
| **Област 3: Јавни набавки** | | | |
| Мерка | Активност | Носител | Рок на реализација |
| Зајакнување на интегритетот во јавните набавки | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки и интерните процедури за сите инволвирани вработени во процесот на јавни набавки | Сектор за јавни набавки | Континуирано |
| | Спроведување на сеопфатни периодични анализи во однос на реализираните постапки во насока на подобрување | Сектор за јавни набавки<br>Сектор за финансиски прашања<br>Сектор за правно - нормативни и општи работи | Крајот на 2024 година |
| | Професионален развој и континуирана едукација на вработените вклучени во реализација на постапките за јавни набавки | Сектор за јавни набавки<br>Сектор за управување со човечки ресурси | Континуирано |
| | | | |

| **Област 4: Спречување на состојби на судир на интереси** | | | |
|---|---|---|---|
| Мерка | Активност | Носител | Рок на реализација |
| Намалување на ризикот од состојби на судир на интереси | Донесување на интерен акт за спречување на судир на интереси, неспоивост на функции и ограничување за вршење на деловни активности | Сектор за правно - нормативни и општи работи | Прв квартал од 2024 |
| | Едукација на вработените за судир на интереси | Сектор за правно - нормативни и општи работи<br>Сектор за управување со човечки ресурси | Континуирано |
| Подобрување на знаењата во однос на лобирањето | Едукација на вработените за законот за лобирање и за интерниот акт | Сектор за правно - нормативни и општи работи<br>Сектор за управување со човечки ресурси | Континуирано |

**РЕГИСТЕР НА РИЗИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Сектор за финансирање и буџет**

| Реден број | Ризик | Сопственик на процесот | Веројатност/ Ефект | Потребни активности | Одговорно лице | Датум | Датум на следниот преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Навремено ажурирање на пишаните политики и процедури на одделни процеси | Раководител на секторот за финансирање и буџет | Низок | Со процесот на сертифициорање на општина Кавадарци да се изготват потребните процедури и да се делегираат потребните овластувања на вработените | Градоначалник / Секретар на општина | Почеток на 2024 година | За една година |
| 2 | Недоволно средства за пренесените надлежности | Раководител на секторот за финансирање и буџет | Среден | Иницијатива до надлежните министерства и ЗЕЛС за промена на начинот на утврдување на блок дотациите | Градоначалник / Секретар на општина | Континуирано | За една година |

**РЕГИСТЕР НА РИЗИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

## Одделение за инспекциски надзор

| Ред. број | Ризик | Сопственик на процесот | Веројатност/ Ефект | Потребни активности | Одговорно лице | Датум | Датум на следниот преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Несовппаѓање на податаоците при подготовка на кварталните и месечните планови за работа на инспекторите со годишната програма; | Одделение за инспекциски надзор | Среден | Навремена и зајакната контрола | Раководител на сектор / одделение | Континуирано | По една година |
| 2. | Несакани закани по безбедноста на овластените лица | Одделение за инспекциски надзор | Низок | Навремена и зајакната контрола | Раководител на сектор / одделение | Континуирано | По една година |
| 3. | Вршење на нелегални такси за линиски превоз на патници | Одделение за инспекциски надзор | Низок | Навремена и зајакната контрола | Раководител на сектор / одделение | Континуирано | По една година |

**РЕГИСТЕР НА РИЗИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Сектор за образование**

| Ред. број | Ризик | Сопственик на процесот | Веројатност / Ефект | Потребни активности | Одговорно лице | Датум | Датум на следниот преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Неблаговремено добивање на податоци од училиштата што може да предизвика губење на финансиски средства од буџетот | Сектор за образование | Низок | Донесување акт за почитување на директорте во училиштата | Секретар/ Раководител на сектор | Континуирано | По една година |
| 2 | Следење на работењето на основните и средните училишта во контекст на недоволното фионансирање од централната власт / блок дотации | Сектор за образование | Среден | Унапредување на системот на образование во општината | Раководител на сектор | Континуирано | По една година |
| 3 | Следење на работењето на установата за предучилишна возраст во контекст на ненавремено добивање согласности за вработување и нови вработувања | Сектор за образование | Низок | Подобрено работење на јавните установи за деца во општината | Раководител на сектор | Континуирано | По една година |

**РЕГИСТЕР НА РИЗИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Сектор за сообраќај**

| Ред. број | Ризик | Сопственик на процесот | Веројатност/ Ефект | Потребни активности | Одговорно лице | Датум | Датум на следниот преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ризик од вршење на нелегален такси на патници | Одделение за инспекциски надзор | Низок | Навремена и зајакната контрола | Секретар/ Раководител на сектор | Континуира но | По една година |
| | Континуирано и навремено поставување и одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација | Сектор за сообраќај | Низок | Навремено и тековно одржување | Секретар/ Раководител на сектор | Континуира но | По една година |

## РЕГИСТЕР НА РИЗИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

### Сектор за правни, општествени и општи работи

| Ред. број | Ризик | Сопственик на процесот | Веројатност/ Ефект | Потребни активности | Одговорно лице | Датум | Датум на следниот преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ненавремено донесување на материјали на седница на Совет | Раководител на сектор | Низок | Административна поддршка на Советот во функција на навремено донесување на материјалите за седниците на Советот | Раководител на сектор | Континуирано | За една година |

**РЕГИСТЕР НА РИЗИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Територијална Противпожарна единица (ТППЕ)**

| Ред. број | Ризик | Сопственик на процесот | Веројатност/ Ефект | Потребни активности | Одговорно лице | Датум | Датум на следниот преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Функционирањето на ТППЕ поради недоволно финансирање по основ од дотации од централната власт | ТППЕ Кавадарци | Средна | Лобирање за подобрување на законската регулатива | Командир на ТППЕ | Континуиран о | По една година |
| 2 | Недоволен број на специјални противпожарни возила; | ТППЕ Кавадарци | Средна | Обезбедување потребни специјални возила во согласност со стандардите за работа | Командир на ТППЕ | Веднаш | По една година |
| 3 | Недоволна и несоодветна лична заштитна опрема | ТППЕ Кавадарци | Средна | Обезбедување потребна лична опрема за работа во согласност со стандардите за работа | Командир на ТППЕ | Веднаш | По една година |
| 4 | Недостаток од континуирана стручна обука на вработените | ТППЕ Кавадарци | Низок | Обезбедување потребна стручна обука во согласност со стандардите за работа | Командир на ТППЕ | Веднаш | По една година |
| 5 | Несоодветен пристап до локалитетот на пожарот, заради недопспност на теренот | ТППЕ Кавадарци | Низок | Зголемување на свесноста на граѓаните за потребниот пристап на ПП возилата, Асистенција од полицијата | Командир на ТППЕ / Командир на Полиција / Градоначалник / Секретар | Веднаш | По една година |

## РЕГИСТЕР НА РИЗИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

### Одделение за внатрешна ревизија

| Реден број | Ризик | Сопственик на процесот | Веројатност/ Ефект | Потребни активности | Одговорно лице | Датум | Датум на следниот преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Нецелосна проценка на усогласеноста на работата на општината согласно со законската регулатива | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Среден | Постојано следење и процена на усогласеноста на работењето на општината согласно со законската регулатива | Раководител на одделението за внатрешна ревизија | Континуирано | По една година |
| 2. | Нецелосно следење на новините во законската регулатива во обласста на внатрешната ревизија | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Низок | Постојано следење на новите измени на законската регулатива, учество на семинари и едукативни редовни часови | Раководител на одделението за внатрешна ревизија | Континуирано | По една година |
| 3. | Несоодветно донесување на стратешките планови и годишните планови за внатрешна ревизија, без да се утврдат најзначајните ризици во работењето на општината и единките корисници | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Среден | Донесување на процедура за утврдување на критериуми кои ќе се применуваат при објективно и реално креирање на стратешки и годишни планови за спроведување на внатрешна ревизија | Раководител на одделението за внатрешна ревизија | Континуирано | По една година |
| 4. | Непостоење на организирани перманентни обуки од надворешни институции за зголемување на нивото на знаења на внатрешни ревизори | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Низок | Следење на повици и настабни за обука на ВР | Раководител на одделението за внатрешна ревизија | Континуирано | По една година |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Ad Hoc – ревизии кои не се предвидени во годишниот план | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Средна | Координација со Градоначалникот на Општина Кавадарци | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Континуирано | По една година |
| 6. | Несоодветно идентификување на ризиците и погрешна процена на ризиците во процесот на стратешко и годишно планирање на внатрешната ревизија | Раководител на одделние за внатрешна ревизија | Ниска | Континуиран професионален развој | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Почеток на 2024 година | По една година |
| 7. | Ризик од ревизорска грешка во процесот на извршувањето на внатрешната ревизија | Раководител на одделние за внатрешна ревизија | Ниска | Континуиран професионален развој | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Почеток на 2024 година | По една година |

## РЕГИСТЕР НА РИЗИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

### Сектор за управување со човечки ресурси

| Ред број | Ризик | Сопственик на процесот | Веројатност/Ефект | Потребни активности | Одговорно лице | Датум | Датум на следниот преглед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Потреба од нова функционала анализа и систематизација | Раководител на Сектор | Среден | Изработка на нова Функционална анализа, заради прилагодување на нови работни места и изработка на систематизација. | Раководител на Сектор | До крајот на 2024 | По една година |
| 3 | Непостоење соодветен квантитет од постојана обука и едукација на нововработените | Раководител на Сектор | Низок | Изработка на стратегија за потребата од вработување на соодветен кадар, согласно постоечката систематизација | Раководител на Сектор | До крајот на 2024 | По една година |
| 4 | Недоволен кванитет на обуки за комуникациски вештини со вработените | Раководител на Сектор | Низок | Создавање на соодветен систем за следење на извршените активности од страна на вработените | Раководител на Сектор | До крајот на 2024 | По една година |
| 5 | Потреба од соодветни процедури за наградување на вработените | Раководител на Сектор | Среден | Пишани политики и процедури за комуникација на вработените со раководителите на Секторите, Секретарот на Општината и Градоначалникот | Раководител на Сектор | До крајот на 2024 | По една година |